# Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија

(„Службен весник на Република Македонија“ број 41/2014)

**Член 1**

Во Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 136/12), во членот 7 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) За именување на директор се објавува јавен оглас кој се објавува во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.”

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

“(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на геологијата;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

**Член 2**

Директорот на Геолошкиот завод именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон, продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 3**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.